# ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,, - Скопје

општина Аеродром

учебна 2025/2026 година

# ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИЈА
# ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ
# УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА



**1.Воспитно образовна цел на екскурзијата**

- Да ги проширува знаењата за своето место, родниот крај и својата татковина;
- Да се едуцира, другарува, рекреира;
- Да развива интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Да се социјализација и да стекнува искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Да гради чувство за патриотизам, толеранција, соживот;
- Да ги почитува традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај;
- Да создава позитивни навики за чување и одржување на природата и градење на еколошката свест.

**2.Задачи**

- изучување и истражување на објектите и појавите во природата како и односите во општествениот живот;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- создавање навики за здраво живеење;
- развивање интерес за природните убавини на Р. С. Македонија и негување на љубов кон татковината;
- посета на културни историски споменици и запознавање со културно наследство на Р С. Македонија;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање чувство за колективна заштита;
- зближување и негување на релаксирани односи со своите наставници и останатите во услови надвор од училницата;
- осознавање на природната и општествената средина, културно историските знаменитости и индустриските и земјоделските капацитети;
- грижа за себе.

**3.Содржини и активности**

Се предвидуваат следниве активности по овој флексибилен редослед за остварување на горе наведената цел:

- Прв ден - од 08:00 часот до 08:30 постојување на учениците по паралелки и безбедно сместување по назначен распоред во туристички автобусот за подолги релации.

- 08:30 Организирано тргнување од пред училиштето „Ѓоргија Пулевски“ во општина Аеродром - Скопје.
- Околу 10:00 се пристигнува во Лешочки манастир,,Свети Атанасиј,, и следи посета на манастирот и запознавање со културно историските настани на манастирот и неговата непосредна околина.
- На враќање се посетува градот Тетово, Тетовското Кале и Шарената џамија.
- Попладне враќање во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“.



Лешок се наоѓа во северозападниот дел од Македонија на оддалеченост од околу седум километри од Тетово на магистралата Тетово – Јажинце, на надморска височина од 500 – 700 метри, на падините на Шар Планина. Лешок изобилува со еколошки чиста природа. Бујната вегетација на Шара со големите пространства на шуми од костен, бука, даб, лешник, ореви, сливи, багрем и други растенија, заедно со шарпланинските реки: Лешочката Река и Бистрица во кои има речна пастрмка како и големите и долготрајни снежни наноси, кои овозможуваат воздухот да изобилува со кислород и климата ја прави пријатна за одмор и рекреација на посетителите. Во Лешок има неколку извори на кисела вода. Неколку километри од Лешок се врвовите Плоча (2200 m) и Три Воде (2300 m), кои се богати со дивеч. На околу два километри од Лешок во селото Џепчиште се наоѓа најмалиот етнолошки музеј на светот, кој располага со преку 1150 стари музејски експонати.

Лешок како населба се спомнува уште во античкиот период и тоа како градска населба со развиен економски, општествен и духовен живот. Во средниот век се спомнува со името Легенград, од кој се зачувани остатоците од Лешочкото кале, кое се наоѓа на брдото веднаш над Лешочкиот манастирски комплекс. Месното

население го нарекува Лешек. Во Лешок со околината имало 44 цркви. Денес во Лешок има три цркви и една капела – параклис (Св. Атанасиј од 14 век, Св. Атанасиј од 20 век, Св. Богородица од 19 век и капелата – параклис Св. Кирил и Методиј од 20 век сместена во конакот, како и остатоци од пет цркви и параклиси од средниот век (Св. Никола, Св. Врач, Св. Петка, Св. Марена и Св. Илија).

Црквата Св. Атанасиј од 14 век (1321 год.), била седиште на првиот полошки епископ Јоаникије и со закон е прогласена за споменик на културата.
Значаен црковен објект е и црквата Св.Богородица која била доградена од македонскиот просветител и јеромонах Кирил Пејчиновиќ, а ја доградил на темелите на старата црква од среден век, поради што има многу фрески кои датираат од 17 и 19 век, од мијачките зографи Михаил и Панајот од Галичник со раскошен иконостас кој го изработил мијачкиот мајстор Михаил Ѓурчинов 1879 година. Црквата Свети Атанасиј има долга традиција, богата и славна. Повеќе пати е уништувана, но повторно е изградена.

**4. Екскурзијата ќе ја реализираат**

Наставниците и учениците од трето одделение при ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, под раководство на директорот Александар Филипчев. Одделенски раководители : Биљана Атанасов ,Ивана Трајковска, Фроска Јанеска, Виолета Лаковска, Весна Костоска, Марија Биковска.

**5. Времетраење на екскурзијата**

Екскурзијата ќе трае еден ден.

**6.Локација за посета и правци на патување**

- Локации за посета - Лешочки манастир ,,Свети Атанасиј,, градот Тетово, Тетовското Кале и Шарената џамија.
- Правец на патување – Скопје – Лешочки манатир – Тетово – Скопје.

**7.Начин на финансирање**

Наставно научната екскурзија ќе ја финансираат родителите на учениците, а се планира да се реализира во месец мај 2026 год.

**8.Техничка организација**

Согласно развојот на глобалната пандемија во нашата држава и преземаните мерки кои што во периодот на реализација на еднодневната екскурзија би можеле да бидат обврзителни во училиштата, можни се следните организациски мерки кои треба да бидат преземени:

- Намалување на капацитетите на автобусите за превоз на учениците заради нивно физичко одвојување
- Задолжително носење на маски од страна на учениците и наставниот кадар
- Хигиенски мерки за санитација на раце.